СВЕТСКО КУЛТУРНО НАСЛЕДСТВО • WORLD CULTURAL HERITAGE

# REMBRANDT



ПОРТРЕТ НА

## Jan Asselyn

PORTRAIT



## Рембрант Харменсон ван Ријн

(1606 Лајден - 1669 Амстердам),
холандски барокен сликар, е еден од највлијателните уметници во 17 век во Европа,
а денеска е меѓу пантеонот на големите уметници од целата светска историја.



## Rembrandt Harmenszoon van Rijn

(1606 in Leiden - 1669 in Amsterdam),
is Duch baroque painter and one of the most influental artists in Europe’s $17^{th}$ century,
and today he is sited in a Pantheon of the greatest artists of whole world history.

Покрај сликарската бравурозност, својот уметнички гениј Рембрант го изрази
и во графиката, во техниката бакропис и сува игла. На оваа „мала“ уметност
тој ѝ даде вистинско уметничко достоинство.



Besides his artistic bravuras, his artstical genuine
Rembrandt had showed also in the graphics, in copper-carvings and drypoint.
To this “small” art he gave her a real artistic dignity.

Графиките на Рембрант се доказ дека за големите дела не се потребни големи теми,
а за големите уметнички содржини не е неопходен голем формат.



Rembrandt’s graphics are proof that great art-works do not need
great themes, and for great artistic contents a big format is not nessessary.

Според линеарниот состав неговите графики делуваат крајно сликарски.
Драматичноста на светлото и сенката ги опфаќа и нашите реални и нашите мистични поимања за таа космичка наметка врз човековиот живот.



According to linnear structure of his graphics they show impression as hihgly painted.
The drama of the light and the shadow also surrounds bouth of our realistic and our mystical understandings of that cosmic veil above human's life.

Поради неговото длабоко сочувствување со човечката ранлива природа, драматиката на библиските сцени, личните истражувања на еврејската популација во Амстердам, често е нарекуван и како „големиот пророк на цивилизацијата“.



Because of his deep compassion with the human’s fragile nature, the drama of the byblical scenes, his personal researches of the Jewish population in Amsterdam, very often he was called as “the great prophet of the civilization”.

Сликите, цртежите и графиките од кои сјае светлина и блескаат детали,
магично и драматично се лоцирани во можната утроба на големата
сенка која ја следи онаа постојана тивка нишка на животната тага.
Независно дали се прикажува библиска тема, возраст или статус.



The paintings, drawings and graphics from which shines the light
and the details are glittering, are magically and dramatically located into a mighty inner
of the great shadow followed by that constant silent breeze of the sorrow of the life.
And, no matter what was presented: byblical theme, age of status.

Рембрант со врвно мајсторство ја слика и црта психологијата, или како што се вели, ја слика самата душа на човекот, облеката и деталот, на ентериерот и природата, на библиските теми, на светлото и сенката.



Rembrandt with his best quality artistic work paints and draws the psychology, or, as it is ussualy said, he paints the very soul of the man, clothes and detail, of the enterier and the nature, of byblical themes, of the light and the shadow.

Рембрант уживал во собирање на различни видови хартија
од целиот свет и сакал да експериментира со ефектите од различните
текстури кои ги давале. Кога ги печател отисоците, Рембрант често оставал превез
од мастило на површината на отисокот за да го збогати тонот на сликата.
Тоа го прави и со портретот на Јан Аселин, отпечатил шест отисоци во две фази,
едната со штафелај а другата со сета индикација на отстранетиот штафелај.

Rembrandt enjoyed collecting different kinds of paper
from around the world and liked to experiment with the effects
of the different textures they produced. When printing his plates,
Rembrandt often left a veil of ink on the surface of the plate aiming
to enrich the image tones. He used that with the portrait of Jan asselyn,
printed six plates in two phases, the first one with the easel and second
phase with all indication of the easel removed.

◆

Рембрант - Портрет на јан Аселин

Еден од шесте отисоци
Година 1647
Димензии : 18,7 см x 17,4 см
Дел од колекцијата на ОСТЕН

Rembrandt – portrait of Jan Asselyn

One of six prints
Year 1647
Dimensions 18,7 cm x 17,4 cm
Part of the OSTEN collection





Рембрант - Автопортрет
Rembrandt - Self Portrait


## Издавач ОСТЕН - Скопје

Директор : Мице Јанкуловски
Уметнички директор : Љубен Пауноски
Графички дизајн и печат : ТОТЕМ - Скопје
Тираж : 300 примероци
Скопје, Февруари 2010

## Publisher OSTEN – Skopje

Director : Mice Jankulovski
Art director : Ljuben Paunoski
Graphic design & print : TOTEM – Skopje
Circulation : 300
Skopje, February, 2010